# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Број 86 Год. LXV Сабота, 11 јули 2009 Цена на овој број е 120 денари**

**www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk**


## СОДРЖИНА


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 1591. | **Одлука** за разрешување на член на Владата на Република Македонија...... | 2 |
| 1592. | **Одлука** за избор на членови на Владата на Република Македонија............ | 2 |
| 1593. | **Одлука** за именување на заменици на министри............................................... | 2 |
| 1594. | **Правилник** за изменување на Правилникот за содржината и формата на дипломата, упатството за подготовка на додаток на дипломата и на другите јавни исправи………………………. | 2 |
| 1595. | **Решение** од Комисијата за хартии од вредност................................................ | 3 |
| 1596. | **Решение** од Комисијата за хартии од вредност................................................ | 3 |
| 1597. | **Решение** од Комисијата за хартии од вредност................................................ | 3 |
| 1598. | **Решение** од Комисијата за хартии од вредност................................................ | 3 |
| 1599. | **Правилник** за формата, содржината и начинот на водење на Регистарот на инвестициски фондови и начинот на утврдување на идентификацискиот број на инвестицискиот фонд.............. | 4 |
| 1600. | **Оглас** за избор на судии на Врховен суд на Република Македонија............. | 11 |
| 1601. | **Решение** за стапување во примена на востановен катастар на недвижности.. | 11 |
| 1602. | **Решение** за стапување во примена на востановен катастар на недвижности.. | 11 |
| 1603. | **Решение** за стапување во примена на востановен катастар на недвижности.. | 11 |
| 1604. | **Решение** за конверзија на податоците од катастар на земјиште во катастар на недвижности.................................... | 12 |
| 1605. | **Решение** за конверзија на податоците од катастар на земјиште во катастар на недвижности.................................... | 12 |
| 1606. | **Одлука** за определување продажна цена на природен гас во третиот квартал од 2009 година................................ | 12 |
| | **Огласен дел**.......................................... | 1-36 |

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**1591.**

Врз основа на членот 94 став 3 од Уставот на Република Македонија, Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 10 јули 2009 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ НА ЧЛЕН НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

1. Се разрешува Трајко Славески од функцијата член на Владата на Република Македонија и министер за финансии.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија”.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-3225/1
10 јули 2009 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски**, с.р.

---

**1592.**

Врз основа на членот 68 став 1 алинеја 13 од Уставот на Република Македонија и членот 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија” бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008 и 82/2008), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 11 јули 2009 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

1. За членови на Владата на Република Македонија се избираат:

- м-р Зоран Ставрески, за министер за финансии,
- д-р Васко Наумовски, за министер без ресор,
- м-р Владимир Пешевски, за министер без ресор,
- Никола Тодоров, за министер за образование и наука и
- Љупчо Димовски, за министер за земјоделство, шумарство и водостопанство.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија”.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07- 3226/1
11 јули 2009 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски**, с.р.

**1593.**

Врз основа на членот 48 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија” бр. 58/2000, 44/2002 и 82/2008), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 11 јули 2009 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ЗАМЕНИЦИ НА МИНИСТРИ**

1. За заменици на министри во соодветните министерства се именуваат:

- Горан Михајловски, за заменик на министерот за транспорт и врски и
- Перица Ивановски, за заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија”.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-3227/1
11 јули 2009 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски**, с.р.

---

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

**1594.**

Врз основа на член 116 став 7 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 35/08, 103/08, 26/09 и 83/09), министерот за образование и наука донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СОДРЖИНАТА И ФОРМАТА НА ДИПЛОМАТА, УПАТСТВОТО ЗА ПОДГОТОВКА НА ДОДАТОК НА ДИПЛОМАТА И НА ДРУГИТЕ ЈАВНИ ИСПРАВИ**

Член 1

Во Правилникот за содржината и формата на дипломата, упатството за подготовка на додаток на дипломата и на другите јавни исправи („Службен весник на Република Македонија“ бр.84/09) членот 18 се брише.

Член 2

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 12-4504/3
8 јули 2009 година
Скопје

Министер,
**Перо Стојановски**, с.р.

## КОМИСИЈА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

**1595.**

Врз основа на член 17 став 3 од Законот за инвестициони фондови („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/2009), Комисијата за хартии од вредност, на седницата одржана на 2.07.2009 година донесе

### Р Е Ш Е Н И Е

1. Се дава согласност на измените и дополнувањата на Статутот на Друштвото за управување со фондови КД ФОНДОВИ АД Скопје односно за бришење на член 62 од Статутот на друштвото кој се однесува на првиот состав на одборот на директори на друштвото.

2. Измените и дополнувањата од точка 1 на ова решение се вршат врз основа на Одлука бр. 03-008/8 од 30.04.2009 година за измена на Статутот на Друштвото за управување со фондови КД ФОНДОВИ АД Скопје донесена од страна на Собранието на Друштвото.

3. Се задолжува Друштвото за управување со фондови КД ФОНДОВИ АД Скопје да изготви пречистен текст на Статутот на друштвото и истиот да го достави до Комисијата за хартии од вредност.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а истото ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 07-1687/7 Комисија за хартии од вредност
2 јули 2009 година Претседател,
Скопје **Марина Наќева-Кавракова,** с.р.

---

**1596.**

Врз основа на член 18 и член 19 од Законот за инвестициски фондови („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/2009), Комисијата за хартии од вредност, на седницата одржана на 2.07.2009 година, донесе

### Р Е Ш Е Н И Е

1. Се дава согласност за именување на лицето Лазе Камчев, роден на ден 16.10.1978 година во Кавадарци, за извршен член на Одборот на директори односно извршен директор на Друштвото за управување со фондови КД ФОНДОВИ АД Скопје.

2. Согласноста за именување на лицето Лазе Камчев се дава за период од четири години од денот на донесувањето на ова решение, согласно Одлука бр. 03-008/6 за избор на членови на Одборот на директори донесена на ден 30.04.2009 година од страна на Собранието на акционери и Одлука бр. 03-011/1 од 7.05.2009 година донесена од Одборот на директори на Друштвото за управување со фондови КД Фондови АД Скопје.

3. Ова решение престанува да важи и пред истекот на рокот утврден во точка 2 на ова решение со денот на разрешување на лицето од точка 1 на ова решение од функцијата извршен член на Одборот на директори на Друштвото за управување со фондови КД ФОНДОВИ АД Скопје и во други случаи утврдени со закон.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 07-1687/8 Комисија за хартии од вредност
2 јули 2009 година Претседател,
Скопје **Марина Наќева-Кавракова,** с.р.

---

**1597.**

Врз основа на член 18 и член 19 од Законот за инвестициски фондови („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/2009), Комисијата за хартии од вредност, на седницата одржана на 2.07.2009 година, донесе

### Р Е Ш Е Н И Е

1. Се дава согласност за именување на лицето Маријан Николовски, роден на ден 18.04.1981 година во Скопје, за извршен член на Одборот на директори односно извршен директор на Друштвото за управување со фондови КД ФОНДОВИ АД Скопје.

2. Согласноста за именување на лицето Маријан Николовски се дава за период од четири години од денот на донесувањето на ова решение, согласно Одлука бр. 03-008/6 за избор на членови на Одборот на директори донесена на ден 30.04.2009 година од страна на Собранието на акционери и Одлука бр. 03-011/1 од 7.05.2009 година донесена од Одборот на директори на Друштвото за управување со фондови КД Фондови АД Скопје.

3. Ова решение престанува да важи и пред истекот на рокот утврден во точка 2 на ова решение со денот на разрешување на лицето од точка 1 на ова решение од функцијата извршен член на Одборот на директори на Друштвото за управување со фондови КД ФОНДОВИ АД Скопје и во други случаи утврдени со закон.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 07-1687/9 Комисија за хартии од вредност
2 јули 2009 година Претседател,
Скопје **Марина Наќева-Кавракова,** с.р.

---

**1598.**

Врз основа на член 115 став 1 точка а), член 194 и член 210 точка а) од Законот за хартии од вредност („Службен весник на РМ” бр. 95/2005, 25/2007 и 7/2008), Комисијата за хартии од вредност, на седницата одржана на ден 29.06.2009 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. СЕ УТВРДУВА НЕПРАВИЛНОСТ во работењето на овластениот брокер Лидија Трајковиќ, поради постапување спротивно на член 115 став 1 точка а и член 122 став 1 од Законот за хартии од вредност и член 16 точка 2 и точка 3 од Правилата за тргување на Македонска берза АД Скопје - непридржување кон инструкциите, дадени од клиентот КБ Прв отворен пензиски фонд Скопје при извршувањето на налозите бр. 1003016333-20746, 1003016333-20765 и 1003016333-20745.

2. ПРИВРЕМЕНО СЕ ЗАБРАНУВА вршење на работи со хартии од вредност на овластениот брокер Лидија Трајковиќ, за кои има добиено дозвола во времетраење од 30 работни дена.

3. СЕ ЗАДОЛЖУВА Македонска берза АД Скопје веднаш по приемот на ова решение, да го суспендира овластениот брокер Лидија Трајковиќ од системот за тргување на берзата додека трае забраната.

4. СЕ ЗАДОЛЖУВА Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје, да го прекине пристапот до компјутерскиот систем на Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје, на овластениот брокер Лидија Трајковиќ додека трае забраната.

5. Жалбата изјавена против ова решение, не го одлага неговото извршување.

6. Ова решение влегува во сила со денот на негово донесување и ќе се објави во „Службен весник на РМ“.

Бр.08-677/7 Комисија за хартии од вредност
29 јуни 2009 година Претседател,
Скопје **Марина Наќева-Кавракова**, с.р.

---

**1599.**

Врз основа на член 190 став (1) од Законот за хартии од вредност („Службен весник на РМ“ бр. 95/2005, 25/2007 и 07/2008), а во врска со член 48 став 3 и член 50 став 3 од Законот за инвестициски фондови (Службен весник на РМ бр.12/2009), Комисијата за хартии од вредност, на седницата одржана на ден 29.06.2009 година донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА РЕГИСТАРОТ НА ИНВЕСТИЦИСКИ ФОНДОВИ И НАЧИНОТ НА УТВРДУВАЊЕ НА ИДЕНТИФИКАЦИСКИОТ БРОЈ НА ИНВЕСТИЦИСКИОТ ФОНД**

Член 1

(1) Со Правилникот за формата, содржината и начинот на водење на Регистарот на инвестициски фондови се уредува формата, содржината и начинот на водење на Регистарот на инвестициски фондови во Комисијата за хартии од вредност и начинот на утврдување на идентификацискиот број на инвестицискиот фонд (во понатамошниот текст: Правилник).

(2) Регистарот на фондови се состои од три подрегистри:

- Регистар на отворени инвестициски фондови (РОИФ) во кој се запишуваат отворените инвестициски фондови (Прилог 1-РОИФ составен дел на овој правилник);

- Регистар на затворени инвестициски фондови (РЗИФ)во кој се запишуваат затворените инвестициски фондови (Прилог 2-РЗИФ составен дел на овој правилник) и

- Регистар на приватни инвестициски фондови (РПИФ) во кој се запишуваат приватните инвестициски фондови (Прилог 3-РПИФ составен дел на овој правилник).

Член 2

(1) Запишување на отворените и затворените инвестициски фондови во Регистарот на инвестициски фондови се врши врз основа на пријава за запишување во соодветниот подрегистар (образецот на Пријава -З-ОИФ и образецот на Пријава-З-ЗИФ се составен дел на овој правилник - Прилог 4 и 5), поднесена до Комисијата за хартии од вредност (во понатамошниот текст само: Комисија) истовремено со барањето за издавање на одобрение за работа на инвестицискиот фонд од страна на друштвото за управување со фондови.

(2) Запишувањето на отворените и затворените инвестициски фондови во соодвтените подрегистри РОИФ и РЗИФ се врши истовремено со издавањето на одобрението за работа на фондот.

(3) Запишувањето на приватните инвестициски фондови во соодветниот подрегистар РПИФ се врши по доставување на пријава (образецот на Пријавата -З-ПИФ е составен дел на овој Правилник - Прилог 6) од страна на друштво за управување со приватни инвестициски фондови.

(4) Образецот на пријавите треба да е испишан електронски, уредно, читливо, без корекции, да е потврден со печат на друштвото за управување со инвестициски фондови и потпис на лицето/лицата што го застапува/ат друштвото за управување со инвестициски фондови. Образецот ги содржи сите пропишани податоци.

(5) Во прилог на образецот Пријава-З-ПИФ се доставуваат следните документи: Резиме на проспектот на приватниот инвестициски фонд и извод од тековната состојба на друштвото за управување со приватни инвестициски фондови од трговскиот регистар.

Член 3

(1) Идентификацискиот број на инвестицискиот фонд се определува при запишувањето на фондот во соодветниот подрегистар и истиот е единствен, непроменлив и неповторлив.

(2) Идентификацискиот број во секој подрегистар се формира од ознаки на букви и бројки напишани последователно во една целина по следниот редослед:

- Назив на подрегистарот и реден број во подрегистарот (соодветен назив РОИФ, РЗИФ, РПИФ и продолжува со редниот број 01,02 и тн);
- Датум на упис: ден, месец и година;
- Првите две букви од името на фондот (од секој збор се земаат првите две букви освен од сврзниците);
- Матичниот број (МБС) на ДУИФ.

**Регистар на отворени инвестициски фондови - РОИФ**

Член 4

Во Регистарот на отворените инвестициски фондови - РОИФ се запишуваат следните податоци:

- идентификацискиот број на отворениот инвестициски фонд;
- полн назив на отворениот инвестициски фонд;
- скратен назив на отворениот инвестициски фонд;
- назив на отворениот инвестициски фонд со кој ќе настапува во странство;
- датум и број на Решението за давање одобрение за основање на отворен инвестициски фонд издадено од Комисијата;
- минимален износ на парични средства кои треба да ги прибере отворениот инвестициски фонд ;
- датум на Решението за давање одобрение за основање на друштвото за управување со инвестициски фондови издадено од Комисијата за хартии од вредност;
- полн назив на друштвото за управување со инвестициски фондови;
- скратен назив на друштвото за управување со инвестициски фондови;
- седиште и адреса на друштвото за управување со инвестициски фондови;
- матичен број на друштвото за управување со инвестициски фондови;
- висина на основната главнина на друштвото за управување со инвестициски фондови;
- членови на органот на управување на друштвото за управување со инвестициски фондови;
- изречени мерки спрема друштвото за управување со инвестициски фондови;
- датум на запишување на отворениот инвестициски фонд во Регистарот на отворените инвестициски фондови;
- датум на бришење на отворениот инвестициски фонд од Регистарот на отворените инвестициски фондови и
- сите промени на некои од горенаведените податоци.

**Регистар на затворени инвестициски фондови - РЗИФ**

Член 5

Во Регистарот на затворените инвестициски фондови - РЗИФ се запишуваат следните податоци:

- идентификацискиот број на затворениот инвестициски фонд;
- полн назив на затворениот инвестициски фонд;
- скратен назив на затворениот инвестициски фонд;
- назив на затворениот инвестициски фонд со кој ќе настапува во странство;
- датум и број на Решението за давање одобрение за основање на затворениот инвестициски фонд издадено од Комисијата;
- големина односно основна главнина на затворениот инвестициски фонд;
- датум на Решението за давање одобрение за основање на друштвото за управување со инвестициски фондови издадено од Комисијата за хартии од вредност;
- полн назив на друштвото за управување со инвестициски фондови;
- скратен назив на друштвото за управување со инвестициски фондови;
- седиште и адреса на друштвото за управување со инвестициски фондови;
- матичен број на друштвото за управување со инвестициски фондови;
- висина на основната главнина на друштвото за управување со инвестициски фондови;
- членови на органот на управување на друштвото за управување со инвестициски фондови;
- изречени мерки спрема друштвото за управување со инвестициски фондови;
- датум на запишување на затворениот инвестициски фонд во Регистарот на затворените инвестициски фондови;
- датум на бришење на затворениот инвестициски фонд од Регистарот на затворените инвестициски фондови и
- сите промени на некои од горенаведените податоци.

**Регистар на приватни инвестициски фондови - РПИФ**

Член 6

Во Регистарот на приватните инвестициски фондови се запишуваат следните податоци:

- Идентификацискиот број на приватниот инвестициски фонд;
- полн назив на приватниот инвестициски фонд;
- скратен назив на приватниот инвестициски фонд;
- големина на приватниот инвестициски фонд;
- времето на кое е основан приватниот инвестициски фонд;
- полн назив на друштвото за управување со приватни инвестициски фондови;
- скратен назив на друштвото за управување со приватни инвестициски фондови;
- седиште и адреса на друштвото за управување со приватни инвестициски фондови;
- матичен број на друштвото за управување со приватни инвестициски фондови;
- висина на основната главнина на друштвото за управување со приватни инвестициски фондови;
- датум на запишување на приватниот инвестициски фонд во Регистарот;
- датум на бришење на приватниот инвестициски фонд од Регистарот и
- сите промени на некои од горенаведените податоци.

Член 7

Во рок од 7 (седум) работни дена од денот на запишувањето во Регистарот на отворени, затворени или приватни инвестициски фондови, Комисијата го известува друштвото за управување со инвестициски фондови дека фондот е запишан во соодветниот подрегистар.

Член 8

Во рок од 7 (седум) работни дена од денот на бришењето од Регистарот на отворени, затворени или приватни инвестициски фондови, Комисијата го известува друштвото за управување со инвестициски фондови дека фондот е избришан од соодветниот подрегистар.

Член 9

(1) Податоците содржани во Регистарот на отворените, затворените и приватните инвестициски фондови имаат статус на претпоставена точност и вистинитост.

(2) За точноста на податоците што се доставуваат до Комисијата одговара друштвото за управување со инвестициски фондови.

Член 10

Податоците во Регистарот на отворените, затворените и приватните инвестициски фондови се водат во електронска форма.

Член 11

Регистарот на отворените, затворените и приватните инвестициски фондови е достапен за јавноста преку веб страницата на Комисијата.

Член 12

За секоја промена на податоците од член 4, член 5 и член 6 на овој Правилник, друштвото за управување со инвестициски фондови е должно да ја извести Комисијата во писмена и електронска форма во рок од 3 (три) работни дена од настанатата промена.

Член 13

Комисијата, врз основа на известувањето за промена на податоците од член 4, член 5 и член 6 на овој Правилник соодветно го ажурира Регистарот на отворените, затворените и приватните инвестициски фондови не подоцна од 5 (пет) работни дена од денот на добивање на податоците.

Член 14

Комисијата ја известува јавноста за запишувањето и бришењето на отворените, затворените и приватните инвестициски фондови во и од Регистарот на отворените, затворените и приватните инвестициски фондови преку соодветна измена на податоците во Регистарот на својата веб страница.

Член 15

(1) Овој правилник влегува во сила со денот на објавување во „Службен весник на Републка Македонија“.

(2) Со влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за формата, содржината и начинот на водење на Регистарот на инвестициски фондови и начинот на утврдување на идентификацискиот број на инвестицискиот фонд од времен карактер („Службен весник на РМ“ бр. 44/2009).

Бр. 03-1911/1
29 јуни 2009 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
Претседател,
**Марина Наќева-Кавракова**, с.р.

## Прилог 1: Образец РОИФ

| | |
|---|---|
| **Идентификациски број на отворениот инвестициски фонд** | |
| **Полн назив на отворениот инвестициски фонд** | |
| **Скратен назив на отворениот инвестициски фонд** | |
| **Назив на отворениот инвестициски фонд со кој ќе настапува во странство** | |
| **Датум и број на решението за давање на одобрение за основање на отворен инвестициски фонд издадено од Комисијата** | |
| **Минимален износ на парични средства кои треба да ги прибере отворениот инвестициски фонд** | |
| **Полн назив на друштвото за управување со инвестициски фондови** | |
| **Скратен назив на друштвото за управување со инвестициски фондови** | |
| **Седиште и адреса на друштвото за управување со инвестициски фондови** | |
| **Матичен број на друштвото за управување со инвестициски фондови** | |
| **Висина на основната главнина на друштвото за управување со инвестициски фондови** | |
| **Членови на органот на управување на друштвото за управување со инвестициски фондови** | |
| **Датум на решението за давање на одобрение за основање на друштвото за управување со инвестициски фондови издадено од Комисијата** | |
| **Изречени мерки спрема друштвото за управување со инвестициски фондови** | |
| **Датум на запишување на отворениот инвестициски фонд во Регистарот на отворените инвестициски фондови** | |
| **Датум на бришење на отворениот инвестициски фонд од Регистарот на отворените инвестициски фондови** | |
| **Сите промени на погоренаведени податоци** | |

## Прилог 2: Образец РЗИФ

| | |
|---|---|
| **Идентификациски број на затворениот инвестициски фонд** | |
| **Полн назив на затворениот инвестициски фонд** | |
| **Скратен назив на затворениот инвестициски фонд** | |
| **Назив на затворениот инвестициски фонд со кој ќе настапува во странство** | |
| **Датум и број на решението за давање на одобрение за основање на затворениот инвестициски фонд издадено од Комисијата** | |
| **Големина односно основна главнина на затворениот инвестициски фонд** | |
| **Полн назив на друштвото за управување со инвестициски фондови** | |
| **Скратен назив на друштвото за управување со инвестициски фондови** | |
| **Седиште и адреса на друштвото за управување со инвестициски фондови** | |
| **Матичен број на друштвото за управување со инвестициски фондови** | |
| **Висина на основната главнина на друштвото за управување со инвестициски фондови** | |
| **Членови на органот на управување на друштвото за управување со инвестициски фондови** | |
| **Датум на решението за давање на одобрение за основање на друштвото за управување со инвестициски фондови издадено од Комисијата** | |
| **Изречени мерки спрема друштвото за управување со инвестициски фондови** | |
| **Датум на запишување на затворениот инвестициски фонд во Регистарот на затворени инвестициски фондови** | |
| **Датум на бришење на затворениот инвестициски фонд од Регистарот на затворените инвестициски фондови** | |
| **Сите промени на погоренаведени податоци** | |

## Прилог 3: Образец РПИФ

| | |
|---|---|
| **Идентификациски број на приватниот инвестициски фонд** | |
| **Полн назив на приватниот инвестициски фонд** | |
| **Скратен назив на приватниот инвестициски фонд** | |
| **Големина на приватниот инвестициски фонд** | |
| **Време на кое е основан приватниот инвестициски фонд** | |
| **Полн назив на друштвото за управување со приватни инвестициски фондови** | |
| **Скратен назив на друштвото за управување со приватни инвестициски фондови** | |
| **Седиште и адреса на друштвото за управување со приватни инвестициски фондови** | |
| **Матичен број на друштвото за управување со приватни инвестициски фондови** | |
| **Висина на основната главнина на друштвото за управување со приватни инвестициски фондови** | |
| **Датум на запишување на приватниот инвестициски фонд во Регистарот** | |
| **Датум на бришење на приватниот инвестициски фонд од Регистарот** | |
| **Сите промени на погоренаведени податоци** | |

**Прилог 4: Образец З-ОИФ**

**Пријава за запишување на отворен инвестициски фонд во Регистарот на отворени инвестициски фондови во Комисијата за хартии од вредност**

Напомена: Пријавата се пополнува исклучиво на сметачка машина и се испишува со печатни кирилични букви, уредно и читливо, без какви било корекции на истата. Друштвото за управување со приватни фондови е должно да ги обезбеди сите податоци што се пропишани со овој образец односно овој образец треба да е пополнет во целост.

| | |
|---|---|
| **1.Податоци за инвестицискиот фонд** | |
| 1.1 Полн назив | |
| 1.2 Скратен назив | |
| 1.3 Назив со кој ќе настапува во странство | |
| 1.4 Минимален износ на парични средства кои треба да ги прибере отворениот инв.фонд | |
| **2. Податоци за друштвото за управување со инвестициски фондови** | |
| 2.1 Полн назив | |
| 2.2 Скратен назив | |
| 2.3 Седиште и адреса | |
| 2.4 Матичен број | |
| 2.5 Висина на основната главнина | |
| 2.6 Членови на органот на управување | |
| 2.7 Датум на решението за давање на одобрение за основање | |
| **3. Датум на изготвување на пријавата** | |
| **4. Име и презиме, потпис од одговорното лице (т.е. одговорните лица) и печат на друштвото за управување со инвестициски фондови** | |

Датум и број на решението за давање на одобрение за основање____________________

(Овој податок го пополнува Комисијата за хартии од вредност)

**Прилог 5: Образец З-ЗИФ**

**Пријава за запишување на затворен инвестициски фонд во Регистарот на затворени инвестициски фондови во Комисијата за хартии од вредност**

Напомена: Пријавата се пополнува исклучиво на сметачка машина и се испишува со печатни кирилични букви, уредно и читливо, без какви било корекции на истата. Друштвото за управување со приватни фондови е должно да ги обезбеди сите податоци што се пропишани со овој образец односно овој образец треба да е пополнет во целост.

| | |
|---|---|
| **1.Податоци за инвестицискиот фонд** | |
| 1.1 Полн назив | |
| 1.2 Скратен назив | |
| 1.3 Назив со кој ќе настапува во странство | |
| 1.4 Големина односно основна главнина на затворениот инв.фонд | |
| **2. Податоци за друштвото за управување со инвестициски фондови** | |
| 2.1 Полн назив | |
| 2.2 Скратен назив | |
| 2.3 Седиште и адреса | |
| 2.4 Матичен број | |
| 2.5 Висина на основната главнина | |
| 2.6 Членови на органот на управување | |
| 2.7 Датум на решението за давање на одобрение за основање | |
| **3. Датум на изготвување на пријавата** | |
| **4. Име и презиме, потпис од одговорното лице (т.е. одговорните лица) и печат на друштвото за управување со инвестициски фондови** | |

Датум и број на решението за давање на одобрение за основање___________________

(Овој податок го пополнува Комисијата за хартии од вредност)

## СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**1600.**

Судскиот совет на Република Македонија, врз основа на член 39 од Законот за Судски совет на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 60/2006), објавува

### О Г Л А С
### ЗА ИЗБОР НА:

1. Двајца (2) судии на Врховен суд на Република Македонија.

Кандидатите за избор на судии освен условите предвидени во член 45 од Законот за судовите („Службен весник на РМ“ бр. 58/06) и Законот за изменување и дополнување на Законот за судовите („Службен весник на РМ“ бр. 35/08), потребно е како посебен услов да исполнуваат:

Кандидатите за избор на судии на Врховен суд на РМ, како посебен услов потребно е да имаат работно искуство од најмалку осум години со потврдени резултати на правни работи по положен правосуден испит или редовен или вонреден универзитетски професор, кој предавал повеќе од 10 години правен предмет сврзан со судската практика.

Заинтересираните кандидати пријавите (заедно со потребната документација, во оригинал или заверена фотокопија на нотар, а уверенијата за државјанство и лекарското уверение да не се постари од шест месеци од денот на нивното издавање), да ги достават до Судскиот совет на Република Македонија, ул. „Вељко Влаховиќ“ бб, во рок од 15 дена од денот на објавувањето во „Службен весник на РМ“. Пријавените кандидати кои досега не се интервјуирани, за истите ќе биде спроведено интервју на ден 31.08.2009 година, со почеток во 10,00 часот во просториите на Судскиот совет на Република Македонија.

Некомплетните документи нема да се разгледуваат.

А.бр. 07-2250/1
9 јули 2009 година
Скопје

Судски совет
на Република Македонија
Претседател,
**Васил Грчев,** с.р.

---

## АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ

**1601.**

Врз основа на член 152 став 1 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на РМ“ бр. 40/2008), директорот на Агенцијата за катастар на недвижности донесе

### Р Е Ш Е Н И Е
### ЗА СТАПУВАЊЕ ВО ПРИМЕНА НА ВОСТАНОВЕН КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ

Стапува во примена востановениот катастар на недвижности за катастарската општина Аљинце – Општина Старо Нагоричане.

Катастарот на недвижностите ќе се применува од 5-тиот ден од денот на објавувањето на ова решение во „Службен весник на Република Македонија“.

Со денот на стапување во примена на востановениот катастар на недвижности од став 1 од ова решение, престанува да се применува катастарот на земјиште за КО Аљинце, востановен според Законот за премер и катастар на земјиштето („Службен весник на СРМ“ бр. 34/72 и 13/78).

Бр. 09-11373/1
7 јули 2009 година
Скопје

Директор,
**Љупчо Георгиевски,** с.р.

---

**1602.**

Врз основа на член 152 став 1 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на РМ“ бр. 40/2008), директорот на Агенцијата за катастар на недвижности донесе

### Р Е Ш Е Н И Е
### ЗА СТАПУВАЊЕ ВО ПРИМЕНА НА ВОСТАНОВЕН КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ

Стапува во примена востановениот катастар на недвижности за катастарската општина Бузалково – Општина Велес.

Катастарот на недвижностите ќе се применува од 5-тиот ден од денот на објавувањето на ова решение во „Службен весник на Република Македонија“.

Со денот на стапување во примена на востановениот катастар на недвижности од став 1 од ова решение, престанува да се применува катастарот на земјиште за КО Бузалко, востановен според Законот за премер и катастар на земјиштето („Службен весник на СРМ“ бр. 34/72 и 13/78).

Бр. 09-11374/1
7 јули 2009 година
Скопје

Директор,
**Љупчо Георгиевски,** с.р.

---

**1603.**

Врз основа на член 152 став 1 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на РМ“ бр. 40/2008), директорот на Агенцијата за катастар на недвижности донесе

### Р Е Ш Е Н И Е
### ЗА СТАПУВАЊЕ ВО ПРИМЕНА НА ВОСТАНОВЕН КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ

Стапува во примена востановениот катастар на недвижности за катастарската општина Дренок – Општина Старо Нагоричане.

Катастарот на недвижностите ќе се применува од 5-тиот ден од денот на објавувањето на ова решение во „Службен весник на Република Македонија“.

Со денот на стапување во примена на востановениот катастар на недвижности од став 1 од ова решение, престанува да се применува катастарот на земјиште за КО Дренок, востановен според Законот за премер и катастар на земјиштето („Службен весник на СРМ“ бр. 34/72 и 13/78).

Бр. 09-11375/1
7 јули 2009 година
Скопје

Директор,
**Љупчо Георгиевски,** с.р.

**1604.**

Врз основа на член 160 став 3 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на РМ“ бр. 40/2008), директорот на Агенцијата за катастар на недвижности донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА КОНВЕРЗИЈА НА ПОДАТОЦИТЕ ОД КАТАСТАР НА ЗЕМЈИШТЕ ВО КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ

Се врши конверзија на податоците од катастар на земјиште во катастар на недвижности за дел од катастарската општина Лешок – Општина Теарце.

Катастарот на недвижностите ќе се применува од денот на објавувањето на ова решение во „Службен весник на Република Македонија“.

Со денот на стапување во примена на востановениот катастар на недвижности од став 1 од ова решение, престанува да се применува катастарот на земјиштето за КО Лешок, востановен според Законот за премер и катастар на земјиштето („Службен весник на СРМ“ бр. 34/72 и 13/78).

Бр. 09-11376/1
7 јули 2009 година
Скопје

Директор,
**Љупчо Георгиевски,** с.р.

---

**1605.**

Врз основа на член 160 став 3 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на РМ“ бр. 40/2008), директорот на Агенцијата за катастар на недвижности донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА КОНВЕРЗИЈА НА ПОДАТОЦИТЕ ОД КАТАСТАР НА ЗЕМЈИШТЕ ВО КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ

Се врши конверзија на податоците од катастар на земјиште во катастар на недвижности за дел од катастарската општина Бориево – Општина Босилово.

Катастарот на недвижностите ќе се применува од денот на објавувањето на ова решение во „Службен весник на Република Македонија“.

Со денот на стапување во примена на востановениот катастар на недвижности од став 1 од ова решение, престанува да се применува катастарот на земјиштето за дел од КО Бориево, востановен според Законот за премер и катастар на земјиштето („Службен весник на СРМ“ бр. 34/72 и 13/78).

Бр. 09-11377/1
7 јули 2009 година
Скопје

Директор,
**Љупчо Георгиевски,** с.р.

## РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**1606.**

Врз основа на член 19, алинеја 6 од Законот за енергетика („Службен весник на РМ” бр. 63/06, 36/07 и 106/08) и член 6 од Тарифниот систем за продажба на природен гас на тарифни потрошувачи („Службен весник на РМ” бр.94/05), Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, на седницата одржана на 10 јули 2009 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ПРОДАЖНА ЦЕНА НА ПРИРОДЕН ГАС ВО ТРЕТИОТ КВАРТАЛ ОД 2009 ГОДИНА

Член 1

Продажната цена на природниот гас во третиот квартал од 2009 година се определува да изнесува 12,1668 ден/nm 3.

Во продажната цена на природниот гас од ставот 1 на овој член, содржани се трошоците сврзани со набавката на природниот гас (набавната цена се состои од увозна цена на природниот гас со вклучени зависни трошоци) во износ од 11,9891 ден/nm 3 и цена за трговија и снабдување на тарифните потрошувачи непосредно приклучени на системот за пренос на природен гас во износ од 0,1777 ден/nm 3.

Во продажната цена од став 1 на овој член, не е содржана цената за пренос и управување со системот за пренос на природниот гас во износ од 2,2170 ден/nm 3, која тарифниот потрошувач непосредно приклучен на системот за пренос е должен да ја плати за вршењето на овие услуги.

Во продажната цена од став 1 на овој член и во цената за преносот и управување со системот за пренос на природниот гас од став 3 на овој член не е содржан данокот на додадена вредност во вкупен износ од 2,5891 ден/nm 3.

Вкупниот надоместок кој што треба да го платат тарифните потрошувачи непосредно приклучени на системот за пренос на природен гас, во согласност со став 1, 3 и 4 на овој член, во третиот квартал од 2009 година изнесува 16,9729 ден/nm 3.

Член 2

Продажната цена на природниот гас од членот 1 на оваа Одлука е утврдена со примена на просечен продажен курс на САД доларот од 44,4848 денари за еден САД долар.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 02-1669/1
10 јули 2009 година
Скопје

Претседател,
**Димитар Петров**, с.р.

www.slvesnik.com.mk
contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о.-Скопје
бул. "Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.
Директор и одговорен уредник - Тони Трајанов.
Телефон: +389-2-55 12 400.
Телефакс: +389-2-55 12 401.

Претплатата за 2009 година изнесува 9.200,00 денари.
„Службен весник на Република Македонија“ излегува по потреба.
Рок за рекламации 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД - Скопје.
Печат: ГРАФИЧКИ ЦЕНТАР ДООЕЛ, Скопје.

ISSN 0354-1622
2009086